ЗЕЛС
BNJVL

# ГЛАСИЛО
# GAZETË

ЗАЕДНИЦА
НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА
САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА
**ЗЕЛС**

BASHKËSIA
E NJËSIVE TË
VETËQEVERISJES
LOKALE TË
REPUBLIKËS
SË MAQEDONISË
**BNJVL**





**Одржана втора седница на Генерално собрание и одбележан 46 –тиот роденден на ЗЕЛС**

**U mbajt seanca e dytë e Kuvendit gjeneral dhe u shënua ditëlindja e 46-të e BNJVL-së**



**Локалните власти се запознаа со Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018**

**Pushtetet lokale u njohën me Programin për përkrahje financiare të zhvillimit rural për vitin 2018**



АПРИЛ 2018
PRILL 2018

www.zels.org.mk



Почитувани,

Честит „26-ти Април - Денот на општините и роденденот на ЗЕЛС". Пред 46 години, токму на овој ден, била основана Заедницата на општини и градови на Република Македонија. Затоа, во Статутот на ЗЕЛС, овој датум доби посебно значење. Всушност, и втората седница на Генералното собрание, највисокото тело на Заедницата, ја одржавме на 26 април 2018 година, во хотелот Александар Палас во Скопје, со цел да го одбележиме 46-тиот роденден на Заедницата. Делегатите го усвоија Извештајот на активности на ЗЕЛС и Финансискиот извештај за 2017 година, а имаа можност да дискутираат и за одредени предизвици, со кои се соочуваат во спроведувањето на надлежностите на локално ниво. Пред делегатите се обрати и министерот за локална самоуправа на Република Македонија, Сухејл Фазлиу. Во насока на транспарентно претставување на сите активности и резултати кои беа постигнати во претходната година и годинава, ја подготвивме публикацијата „Годишен извештај на ЗЕЛС" и истата беше поделена и на делегатите на Генералното собрание.

Во месец април, градоначалниците и претставниците од локалната власт имаа можност да се запознаат со Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година. Претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, ги изнесе барањата на ЗЕЛС, за повеќекратно зголемување на овие средства, при нивната распределба предност да имаат општините со седиште во село, да се укине учеството на општините во плаќањето на ДДВ за проектите од Програмата, да се поедностави процедурата за донесување на планови за планирање на просторот и ред други барања. На средбата се обрати и министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски.

ЗЕЛС реализираше активности и со општинската администрација. Во просториите на ЗЕЛС тренинг центаротт (ЗТЦ), по втор пат оваа година, се спроведе почетна обука за полагање на испит за стекнување со овластување за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште, сопственост на Република Македонија. Првата се реализира во јануари, кога ја посетија околу двесте кандидати. Ваквата посетеност укажува на зголемена заинтересираност на општините за исполнување на условите за преземање на надлежноста за управување со државно градежно неизградено земјиште. Во ЗТЦ, овој месец средба одржаа и претставници на Мрежата на човечки ресурси, на која дискутираа со одговорни лица од МИОА, за предизвиците од примената на Законот за административни службеници .

Градоначалниците на општините: Гази Баба, Богданци и Илинден и претставници од Град Скопје и од ЗЕЛС, учествуваа на регионалната конференција за промоција на поволно бизнис опкружување во Југоисточна Европа „Партнерство за конкурентен регион", што се одржа во Белград (Република Србија), на 24 април2018 година. На конференцијата, меѓу другото, на општините од ЈИЕ официјално им беа врачени и БФЦ ЈИЕ сертификатите. Од Република Македонија, сертификат доби Општина Илинден. Повеќе информации за овие настани, но и за други што беа реализирани во месец април, можете да прочитате во овој број на Гласилото на ЗЕЛС

Со почит,

**Душица Перишиќ**

**Извршен директор на ЗЕЛС**

Të nderuar,

Urime ,,26 Prill" - „Dita e komunave dhe ditëlindja e BNJVL-së". Para 46 vjet, pikërisht në këtë ditë u themelua Bashkësia e komunave dhe qyteteve të Republikës së Maqedonisë. Prandaj në Statutin e BNJVL-së, kjo datë ka vlerë të veçantë. Faktikisht edhe seanca e dytë e Kuvendit gjeneral, organi më i lartë i Bashkësisë u mbajt më 26 prill të vitit 2018, në hotelin ,,Aleksandar Palas" në Shkup, me qëllim që të festohet ditëlindja e 46-të e Bashkësisë. Delegatët miratuan Raportin e aktiviteteve të BNJVL-së dhe Raportin financiar për vitin 2017, dhe njëkohësisht patën mundësi të diskutojnë për sfida të caktuara me të cilat ballafaqohen gjatë zbatimit të kompetencave në nivel lokal. Para delegatëve u drejtua edhe Ministri për vetëqeverisje lokale, Suhejl Fazliu. Në drejtim të prezantimit transparent të të gjitha aktiviteteve dhe rezultateve, të ndërmarra në vitin e kaluar por edhe sivjet, ne si BNJVL kemi përgatitur publikimin „Raporti vjetor i BNJVL-së", i cili iu shpërnda delegatëve të Kuvendit gjeneral.

Në muajin prill, kryetarët dhe përfaqësuesit të pushtetit lokal patën mundësi të njiheshin me Programin për përkrahje financiare të zhvillimit rural për vitin 2018. Kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov shprehu kërkesat e BNJVL-së për rritje të shumëfishtë të mjeteve nga programi dhe gjatë shpërndarjes së tyre përparësi tu jepet komunave me seli në fshat kundrejt atyre me seli në qytet, gjithashtu tjetër kërkesë ishte të ndërpritet pjesëmarrja e komunave në pagimin e TVSH-së për projektet e programit në fjalë, të lehtësohet procedura për miratimin e planeve për planifikim të hapësirës dhe një sërë kërkesa të tjera. Në këtë takim u drejtua edhe Ministri për bujqësi, pylltari dhe ekonomizim të ujërave, Ljupço Nikollovski.

BNJVL realizoi edhe aktivitete dedikuar administratës komunale. Në hapësirat e Qendrës së trajnimeve të BNJVL-së, më 19 prill të vitit 2018, për herë të dytë këtë vit u organizua trajnimi fillestar për dhënien e provimit për marrjen e autorizimit mbi menaxhimin e procedurës për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore, pronë e Republikës së Maqedonisë. Trajnimi i parë u realizua në janar, kur morrën pjesë rreth 200 kandidatë. Pjesëmarrja e tillë tregon se ka interes të zmadhuar nga ana e komunave për plotësimin e kushteve për ndërmarrjen e kompetencës që i dedikohet menaxhimit të tokës ndërtimore të pandërtuar në pronësi të shtetit. Në QTB këtë muaj u mbajt takim midis përfaqësuesve të Rrjetit për resurse njerëzore dhe persona përgjegjës nga MSHIA, të cilët diskutuan mbi sfidat gjatë zbatimit të Ligjit për nëpunës administrativë.

Kryetari i komunës së Gazi Babës, Bogdancit dhe Ilindenit, së bashku me përfaqësues të Qytetit të Shkupit dhe BNJVL-së morrën pjesë në konferencën rajonale për promovimin e mjediseve me kushte të favorshme për biznes në Evropën Juglindore ,,Partneritet për një rajon më konkurrues" që u mbajt në Beograd, (Republika e Serbisë) më 24 prill të vitit 2018. Në konferencën në fjalë, mes tjerave, komunave nga EJL iu ndanë Certifikatat BFC SEE. Nga Republika e Maqedonisë certifikatë të tillë fitoi Komuna e Ilindenit.

Për më shumë informacione lidhur me ngjarjet të lartpërmendura, por edhe të tjera që u realizuan në muajin prill, mund të lexoni në këtë edicion të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,

**Dushica Perishiq**

**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së**


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Македонија

**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ

**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети

**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска

**Превод:** Арта Абази, Валентина Трајко

**Лекторирал:** Момент мал ДООЕЛ,Скопје

**Дизајн и подготовка:** ПОИНТЕР ДОО Скопје

**Печатење:** Чокографија ДООЕЛ Скопје

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

tel. +389 (0)2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. ,,Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë

**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq

**Zëvendës drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema – Mehmeti

**Përgatiti:**
Vesna Arsovska-Dinkovska

**Përkthim:** Arta Abazi, Valentina Trajko

**Lektoron:** Moment Mal, Shkup

**Dizajnim dhe përgatitje:** POINTER SHPK, Shkup

**Shtyp:** Çokolografija, Shkup




## ЧЕСТИТ „26-ТИ АПРИЛ - ДЕН НА ОПШТИНИТЕ И РОДЕНДЕН НА ЗЕЛС“

Заедницата на единиците на локалната власт во Република Македонија, на своите членки, односно на сите општини и на град Скопје, им го честита „26-ти април - денот на општините и роденден на ЗЕЛС“. На овој датум, пред точно 46 години, односно во далечната 1972 година во „Салон 19, 19“, лоциран во барака број 12, во градот Скопје, одржано е основачкото собрание на кое е формирана Заедницата на општини и градови на Република Македонија (ЗОГМ). Делегатите го донесоа Статутот на Заедницата и други одлуки, со кои се утврдил начинот на нејзиното натамошно работење. Иницијативата за формирање на Заедницата ја покренале тогашните претседатели на собранија на општините: Куманово, Кочани, Охрид, Скопје и Тетово, а согласност за основање и доброволно пристапување во Заедницата дале претставниците од 34-те македонски општини. Токму затоа и денот на основањето на ЗОГМ – 26-ти април, во Статутот на ЗЕЛС е утврден како „Ден на општините и ден на ЗЕЛС “.

За прв претседател на ЗОГМ бил избран Драгољуб Ставрев, тогашниот претседател на Собранието на град Скопје, а за секретар бил избран Љубомир Бабунски. Меѓу повеќето важни втемелувачи и градители на ЗЕЛС биле: Благој Попов, Методи Антов, Кочо Тулевски, Иван Серафимов, Трајче Лазаревски и други кои одамна не се меѓу нас. Исто така, заслужни за опстојувањето на ЗЕЛС се и претседателите: Методи Петровски, Никола Ќурчиев, Горан Ангелов, Андреј Петров, Коце Трајановски, како и секретарите: Методија Муратовски и Бранко Трајчевски, а, се разбира, и многу други истакнати личности, кои дел од својот работен век му го посветиле на ЗЕЛС.

Историскиот развој на ЗЕЛС бележи падови и искачувања, паралелно со развивањето на локалната власт во земјата. Периодот во деведесеттите години од минатиот век е потенциран како најтежок за Заедницата поради силната централизација на власта, по што се спроведуваат подготовките за децентрализација, чие имплементирање започна на 1 јули 2005 година.

ЗОГМ е реконструиран врз основа на Законот за локална самоуправа во 1995 година, кога постоеле 123 општини и градот Скопје. По локалните избори во 1996 година конституирано е дводомно Собрание на ЗЕЛС ( Домот на градоначалници и Домот на членовите на советите). Со новиот состав бил избран и првиот Постојан комитет на ЗЕЛС во март 1997 година, а претседател на ЗЕЛС по функција бил претседателот на Домот на градоначалниците. Бил изработен и нов Статут на ЗЕЛС и деловници за работа на Собранието на ЗЕЛС и на Постојаниот комитет. Во согласност со тие документи и со Законот за локална самоуправа се конституирал

## URIME PËR „26 PRILL – DITA E KOMUNAVE DHE DITËLINDJA E BNJVL-SË“

Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë, anëtareve të saj komunave dhe Qytetit të Shkupit ua uron „26 Prillin – Dita e komunave dhe ditëlindja e BNJVL-së“. Në këtë datë, pikërisht para 46 vjet, konkretisht në vitin e largët 1972, në „Sallon 19,19“, që ndodhej në barakën numër 12, në Qytetin e Shkupit u mbajt Kuvendi konstitutiv në të cilin u formua Bashkësia e komunave dhe qyteteve të Republikës së Maqedonisë (BKQM). Delegatët miratuan Statutin e Bashkësisë si edhe vendime të tjera, në sajë të të cilave u përcaktua mënyra për punën e mëtejshme të Bashkësisë. Iniciativa mbi formimin e Bashkësisë u ngre nga kryetarët e atëhershëm të kuvendeve të komunave: Kumanovë, Koçanë, Ohër, Shkup dhe Tetovë, kurse aprovim dhe anëtarësim në bazë vullnetare në Bashkësi dhanë përfaqësuesit e 34 komunave maqedonase. Pikërisht kjo është arsyeja që dita e themelimit të BKQM – 26 prill, në Statutin e BNJVL-së është përcaktuar si „Dita e komunave“ dhe „Dita e BNJVL-së“.

Kryetar i parë i BKQM-së u zgjodh Dragoljub Stavrev, kryetari i atëhershëm i kuvendit të Qytetit të Shkupit, kurse sekretar Ljubomir Babunski. Disa ndër themeluesve dhe ndërtuesve të BNJVL-së janë: Bllagoj Popov, Metodi Antov, Koço Tulevski, Ivan Serafimov, Trajçe Llazarevski dhe të tjerë që nuk janë më midis nesh. Merita të mëdha për ekzistencën e BNJVL-së ndër vite i takojnë edhe kryetarëve: Metodi Petrovski, Nikolla Qurçiev, Goran Angellov, Andrej Petrov, Koce Trajanovski si edhe sekretarët: Metodija Muratovski dhe Branko Trajçevski, por gjithashtu edhe shumë persona të tjerë të shquar të cilët i kanë kushtuar BNJVL-së një pjesë prej punës së tyre ndër vite.

Zhvillimi historik i BNJVL-së shënon rënie dhe ngritje, paralelisht me zhvillimin e pushtetit lokal në vend. Periudha e viteve nëntëdhjetë të shekullit të kaluar është theksuar si periudha më e vështirë për Bashkësinë, për shkak të centralizimit të fortë të pushtetit, me ç'rast zbatohen përgatitjet për procesin e decentralizimit, implementimi i të cilit filloi më 1 korrik të vitit 2005.

BKQM u rikonstruktua në bazë të Ligjit për vetëqeverisje lokale të vitit 1995, kur ekzistonin 123 komuna dhe Qyteti i Shkupit. Pas zgjedhjeve lokale të vitit 1996 u konstitua Kuvendi bikameral i BNJVL-së (Shtëpia e Kryetarëve dhe Shtëpia e anëtarëve të këshillave). Me përbërjen e re u zgjodh edhe Komiteti i parë i përhershëm i BNJVL-së, në mars të vitit 1997, kurse Kryetari i BNJVL-së sipas funksionit ishte edhe kryetar i Shtëpisë së kryetarëve. Atëherë u përpilua edhe Statuti i ri i BNJVL-së dhe rendet ditore të Kuvendit të BNJVL-së dhe Komitetit të përhershëm.

ЗЕЛС како Асоцијација на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија. Особено од 1998 година претставници од ЗЕЛС активно учествувале во процесот на утврдување на потребата од реформа на системот на локална самоуправа и определувањето на принципите во кои таа ќе се одвива. Таквата позиција ги обединувала членките на ЗЕЛС, кои секогаш биле единствени во заложбите и барањата пред централната власт. Политичката припадност на претставниците на општините немала никакво влијание врз заедничките одлуки. ЗЕЛС секогаш успевал да ги надмине различните гледишта и да го најде патот до вистинските одлуки. Трендот на соработка и ставање на заедничките интереси над партиските и поединечни интереси продолжи и до денес.

По потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, на 13 август 2001 година и донесувањето на низа значајни закони за децентрализација на власта во земјава, меѓу кои : Законот за локална самоуправа на Република Македонија во јануари 2002 година, Законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија од 2004 година (утврдени 84 единици на локална власт), Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа од 2004 година и други, ЗЕЛС сè повеќе ја зајакнуваше својата улога како значаен фактор во креирањето на децентрализацијата на власта и во спроведувањето на локалното управување.

Имплементирањето на децентрализацијата на власта официјално започна на 1 јули 2005 година. Претходно беа направени статутарни промени во телата на ЗЕЛС, па Генералното собрание броеше 84 делегати, односно го сочинуваа сите градоначалници на општините и на градот Скопје, како посебна единица на локалната власт.

Денес ЗЕЛС го основаат доброволно, сите 80 општини и Градот Скопје ( Вранештица, Другово, Осломеј, Зајас и Кичево се споија во една изборна единица Кичево, на локалните избори во 2013 година).

Konform këtyre dokumenteve dhe Ligjin për vetëqeverisje lokale u konstitua BNJVL si Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë. Përfaqësuesit e BNJVL-së në vitin 1998 morën pjesë aktive në procesin e përcaktimit të nevojës për reforma në sistemin e vetëqeverisjes lokale dhe përcaktimin e parimeve sipas të cilave do të zhvillohet. Pozita e këtillë i unifikonte anëtaret e BNJVL-së, të cilat përherë ishin të unifikuara në nismat e tyre dhe kërkesat para pushtetit qendror. Përkatësia politike e përfaqësuesve të komunave nuk pati aspak ndikim mbi vendimet e përbashkëta. BNJVL gjithmonë i tejkalonte me sukses qëndrimet e ndryshme, si edhe gjithmonë gjente rrugën për arritjen e vendimeve të sakta. Trendi i bashkëpunimit dhe vënies së interesave të përbashkëta mbi interesat vetjake dhe partiake ka vazhduar edhe në ditët e sotme.

Pas lidhjes së Marrëveshjes kornizë të Ohrit, më 13 gusht të vitit 2001 dhe miratimi i shumë ligjeve të rëndësishme për decentralizimin e pushtetit në vend, mes cilave: Ligji për vetëqeverisje lokale të Republikës së Maqedonisë në janar të vitit 2002, Ligji për organizim territorial të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë nga viti 2004 (janë përcaktuar 84 njësi të pushtetit lokal), Ligji për financim të njësive të vetëqeverisjes lokale nga viti 2004 dhe të tjerë, BNJVL-ja fuqizoi më tepër rolin e saj si faktor kryesor në krijimin e decentralizimit të pushtetit dhe zbatimi i qeverisjes vendore.

Implementimi i decentralizimit të pushtetit, zyrtarisht filloi më 1 korrik të vitit 2005. Paraprakisht u kryen ndryshime statutare në trupat e BNJVL-së dhe sipas tyre Kuvendi gjeneral numëronte 84 delegatë, konkretisht përbëhej prej të gjithë kryetarëve të komunave dhe Qyteti i Shkupit, si njësi e veçantë e pushtetit lokal.

Sot në mënyrë vullnetare në BNJVL anëtarësojnë, të gjitha 80 komunat dhe Qyteti i Shkupit (Vraneshtica, Drugova, Osllomeu, Zajazi dhe Kërçova u bashkuan në një njësi të vetëqeverisjes lokale, Kërçovë, në zgjedhjet lokale të vitit 2013).

## ПРЕЗЕНТИРАНА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2018 ГОДИНА ПРЕД ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ

-„Повеќекратно да се зголемат средствата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, а при нивната распределба предност да имаат општините со седиште во село, наспроти општините со седиште во град. Да се укине учеството на општините во плаќањето на ДДВ за проектите од Програмата, а доколку тоа не може да се стори веднаш, да се обезбеди ДДВ обврската да се наплати од разликата од средствата помеѓу проектираниот износ и износот по јавната набавка и е-аукцијата. Ова е особено значајно, бидејќи токму поради неможноста руралните општини да издвојат толкави средства само за да го платат ДДВ –то, сè почесто се откажуваат од аплицирањето за Програмата или, пак, докрај не ги реализираат добиените проекти. Потребно е и да се поедностави процедурата за донесување на плановите за планирање на просторот и да се зголемат средствата за поддршка за оваа намена, при што е важно оваа подмерка од Програмата, да се издвои како посебна мерка за поддршка при подготовката на урбанистичките планови. За поголемо учество на општините и за максимално искористување на средствата од оваа Програма, Агенцијата треба да обезбедува и поголема транспарентност од досегашната и поефикасна директа комуникација со претставниците од општинската администрација ."

Ова беше дел од излагањето на претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, на средбата што ја организираше Агенцијата за финансиска поддршка на руралниот развој во Република Македонија со сите градоначалници, а на која се обрати и министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски.

## PUSHTETET LOKALE U NJOHËN ME PROGRAMIN PËR PËRKRAHJE FINANCIARE TË ZHVILLIMIT RURAL PËR VITIN 2018

-,,Rritje e shumëfishtë të mjeteve nga Programi për përkrahjen e zhvillimit rural dhe gjatë shpërndarjes së tyre përparësi tu jepet komunave me seli në fshat kundrejt atyre me seli në qytet. Të ndërpritet pjesëmarrja e komunave në pagimin e TVSH-së për projektet e programit në fjalë dhe nëse kjo nuk kryhet menjëherë atëherë të sigurohet obligimi i TVSH-së të arkëtohet nga ndryshesa e mjeteve midis vlerës projektuese dhe vlerës së furnizimit publik dhe auksionit elektronik. Kjo është tepër e rëndësishme pikërisht sepse komunat rurale nuk kanë mundësi të ndajnë shuma kaq të mëdha vetëm për të paguar TVSH-në, prandaj shpesh dorëzohen nga aplikimi për këtë program ose nuk përfundojnë dot me realizimin e projekteve tashmë të ndara. Nevojitet një lehtësim të procedurës për miratimin e planeve për planifikim të hapësirës, po ashtu edhe rritje të mjeteve për përkrahje për këtë dedikim, me ç'rast rëndësi ka që kjo nënmasë e programit të ndahet si masë e veçantë për të ofruar përkrahje në përgatitjen e planeve urbanistike. Për pjesëmarrje më të madhe nga ana e komunave, si edhe shfrytëzim maksimal të mjeteve nga programi, agjencia duhet të sigurojë transparencë më të madhe dhe komunikim direkt më efikas me përfaqësuesit e administratës komunale" deklaroi kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov. Kjo është vetëm një pjesë e fjalimit të tij nga takimi i organizuar nga Agjencia për përkrahje financiare të zhvillimit rural në Republikën e Maqedonisë. Në takimin në fjalë morën pjesë të gjithë kryetarët dhe në të njëjtin mbajti fjalim edhe Ministri për bujqësi, pylltari dhe ekonomizim



Средбата се одржа на втори април 2018 година во Клубот на пратениците, во Скопје. Претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, рече дека ваквата практика на организирање на тематски средби на претставниците од општините со претставници од Владата и адекватни агенции, претставува најдобра можност да се дискутира за предизвиците на локалните власти и притоа да се изнајдат најдобри заеднички решенија. Шилегов ја нагласи и потребата од организирање на посебна, заедничка средба со МЗШВ, бидејќи бројот на барањата и предлозите на локалните власти и тука е голем, при што наведе само неколку.

-„Предлагаме да се овозможи електронско следење на приходите врз основа на закуп на земјоделско земјиште за добивање на редовни информации од надлежните министерства или од подрачните единици за овие приходи. Притоа, да се назначени закупците на земјиштето, категоријата на земјиштето, катастарската општина, годините на издаденото земјиште под закуп, како и информации за нереализирани наплати врз основа на закупнини. Со тоа ќе се овозможи и системско следење и на закупците кои не ги исполнуваат своите обврски во согласност со договорите за закуп, покренатите постапки за раскинување на договорите, како и раскинатите договори", рече Шилегов и нагласи дека е потребно да се усогласи работењето на државните институции со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, бидејќи МЗШВ сè уште својата работа ја врши во согласност со територијалната организација на локалната самоуправа пред 1996 година, односно со 34 општини, па се јавуваат големи проблеми при спроведување на низа законски одредби во пракса, особено околу исплатата на средствата од концесиите. Тој ја нагласи и потребата од забрзување на постапката за пренамена на земјоделско земјиште во градежно, особено кога тоа придонесува за економски развој на руралните општини и искористување на европските фондови, а беа посочени и барањата и предлозите за начините на зголемување на финансиските средства, пред сè на руралните општини, во делот на средства од продажбата на земјоделското државно земјиште, потоа барање за зголемување на средствата врз основа на концесии за користење на водите, како и средствата, добиени врз основа на концесија за вадење на песок, пасишта, шуми, концесии за лов, риболов и други.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, рече дека со реализација на оваа Програма ќе се обезбеди солидна урбана и транспарентна инфраструктура во и вон руралните населени места, а целта е подобрување на условите за живот и на услугите на граѓаните, како и позитивно влијание на развојот на економските активности и во овие средини. Притоа, Николовски рече дека е клучно општините интензивно да се насочат кон креирање на проекти и да ја подготват

të ujërave, Ljupço Nikollovski. Takimi u mbajt më dy prill të vitit 2018 në Klubin e deputetëve në Shkup. Kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov theksoi se praktika e këtillë për organizim të takimeve tematike të përfaqësuesve të komunave me përfaqësuesit e Qeverisë, si edhe agjenci adekuate paraqet mundësi tepër të mirë për të diskutuar mbi sfidat e pushteteve lokale dhe kështu të gjenden zgjidhjet më të mira bashkërisht. Kryetari Shilegov gjithashtu theksoi dhe nevojën për organizim të një takimi të veçantë dhe të përbashkët me MBPEU për shkak të numrit të madh të kërkesave dhe propozimeve nga pushtetet lokale. Siç vijonte ai prezantoi vetëm disa prej tyre.

-„Propozojmë që të mundësohet ndjekja elektronike e të hyrave në bazë të qirasë së tokës bujqësore me qëllim fitimi i informacioneve të rregullta nga ministritë kompetente ose njësitë rajonale për të hyrat në fjalë. Gjithashtu të shënohen edhe qiramarrësit e tokës, kategoria e tokës, komuna kadastrale, vitet e qiradhënies së tokës, informacione mbi arkëtimet e parealizuara në bazë të qirasë. Kjo do të mundësojë ndjekje sistematike të qiramarrësve që nuk i plotësojnë përgjegjësitë e tyre, konform kontratat për qira, procedurat e ngritura për ndërprerjen e kontratave, si edhe kontratat tashmë të ndërprera", potencoi kryetari. Më pas ai u shpreh se duhet të harmonizohet puna e institucioneve shtetërore me Ligjin për organizim territorial të vetëqeverisjes lokale në Republikën e Maqedonisë, sepse MBPEU punën e tij akoma e kryen konform organizimit territorial të vetëqeverisjes lokale para vitit 1996, kuptimisht me 34 komuna, prandaj shfaqen probleme gjatë zbatimit të një sërë dispozitave ligjore në praktikë, posaçërisht rreth pagimit të mjeteve nga koncesionet. Ai theksoi edhe nevojën për përshpejtim të procedurës për ridedikim të tokës bujqësore në tokë ndërtimore, veçanërisht kur kjo kontribuon për zhvillim ekonomik të komunave rurale dhe shfrytëzim të fondeve evropiane. Më pas u prezantuan kërkesat dhe propozimet për mënyrat e rritjes së mjeteve financiare, para së gjithash për komunat rurale, në pjesën e mjeteve nga shitja e tokës bujqësore shtetërore, duke e shtuar edhe kërkesën për rritjen e mjeteve në bazë të koncesioneve për shfrytëzim të ujërave, nxjerrja e rërës, kullota, pyje, gjueti, peshkim dhe të tjera.

Ministri për bujqësi, pylltari dhe ekonomizim të ujërave, LJupço Nikollovski theksoi se me realizimin e këtij programi do të sigurohet një infrastrukturë urbane solide dhe transparente brenda dhe jashtë zonave të banuara rurale. Qëllimi kryesor është përmirësimi i kushteve të jetesës, përmirësimi i shërbimeve për qytetarët edhe ndikimi pozitiv mbi zhvillimin e aktiviteteve ekonomike në këto zona. Më pas ai shprehu se është tepër e rëndësishme që komunat tu drejtohen intensivisht krijimit të projekteve dhe përgatitjes së dokumentacionit për masat e pro-

документацијата која се однесува на мерките во Програмата. Во следниот период Владата на Република Македонија и Платежната агенција ќе го дефинираат обемот со кој што ќе утврди поддршката за општините, при што Николовски нагласи дека биле затечени 500 заостанати и нецелосно реализирани постапки од претходниот период. Тој посочи дека се разговара и за префрлање на подрачните единици од МЗШВ на локалната власт, како и за обезбедување на интегриран систем на следење на давањето на земјиштето под закуп, концесии, продажба и слично.

На присутните им се обрати и директорот на Агенцијата, Николче Бабовски, кој рече дека Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година нуди повеќе инвестиции поделени во три основни мерки: „ Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини", што располага со максимални средства од 20 милиони денари. Со исто толку средства располага и втората мерка „Обнова и развој на селата" и со 15 милиони денари располага третата мерка - „Зачувување и унапредување на традиционалните вредности на руралните подрачја". Притоа, средствата за ДДВ за реализација на проектите се на товар на општините и засега во таа насока не може многу да се направи. Директорот Бабовски рече дека неповратната финансиска поддршка по барање на корисникот може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20 отсто од вредноста на одобрените прифатливи трошоци или да се додели на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата. Беше укажано дека во фаза на акредитација за ИПАРД 2 Програмата е и новата мерка, наменета само за општините „ Рурална јавна инфраструктура" во вкупна вредност од 12 милиони евра (од кои 3 милиони евра се од државата) на располагање и со 100% финансирање на проектите на општините. Оваа мерка ќе биде достапна во 2019 година. Објавувањето на јавниот оглас за Програмата за 2018 година најмногу ќе зависи од ангажираноста и подготвеноста на општините со проекти, при што може да се објави во целост или по делови, односно мерка по мерка, посочи на крајот од своето излагање, Бабовски.

Потоа присутните градоначалници и претставници од локалната власт ја проследија презентацијата за Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, што ја подготви Агенцијата, во која беа изложени мерките, што таа ги содржи, односно за какви програми општините можат да аплицираат, постапката на аплицирањето и исплатата на средствата.

gramit në fjalë. Në periudhën që vjen Qeveria e Republikës së Maqedonisë dhe Agjencia paguese do të definojnë vlerën me të cilën do të definohet përkrahja për komunat. Ai potencoi se janë gjetur 500 procedura të prapambetura dhe jo plotësisht të realizuara nga periudha e kaluar. Më pas potencoi se bisedohet për transferim të njësive rajonale nga MBPEU në pushtetin lokal, si edhe për sigurim të një sistemi të integruar për ndjekjen e dhënies së tokës me qira, nën koncesion, për shitje dhe kështu me radhë.

Të pranishmëve iu drejtua edhe drejtori i agjencisë, Nikollçe Babovski, i cili theksoi se Programi për përkrahjen e zhvillimit rural për vitin 2018 ofron shumë investime, të ndara në tre masa: ,,Përmirësimi i cilësisë së jetës në zonat rurale" që korrespondon me një shumë maksimale prej 20 milionë denarë, masa e dytë „Rinovimi dhe zhvillimi i fshatrave" përsëri me shumë prej 20 milionë denarë dhe masa e tretë „Mbrojtja dhe avancimi i vlerave tradicionale të zonave rurale" me shumë prej 15 milionë denarë. Mjetet për TVSH për realizimin e projekteve janë nën barrën e komunave dhe tani për tani nuk mund të kryhet asgjë në këtë drejtim. Drejtori Babovski potencoi se përkrahja financiare e pakthyeshme në kërkesë të kërkuesit mund të ndahet në formën e pagesës parakohore në shumë prej 20% nga vlera e shpenzimeve të arritshme dhe të aprovuara, ose të ndahen në dy këste ose konform fazave të realizimit të investimit. U theksua se masa e re dedikuar komunave ,,Infrastruktura rurale publike" ndodhet nën fazë akreditimi për Programin IPARD 2. Kjo masë me shumë totale prej 12 milionë euro (3 milionë nga shteti) dhe 100% financim të projekteve për komunat do të jetë e disponueshme në vitin 2019. Shpallja e thirrjes publike për programin dedikuar vitit 2018 më së shumti do të varet nga angazhimi dhe gatishmëria e komunave për projekte dhe i njëjti mund të shpallet në tërësi ose pjesërisht, konkretisht masë pas mase, theksoi në fund të fjalimit drejtori Babovski.

Siç vijonte kryetarët dhe përfaqësuesit e pushtetit lokal ndoqën prezantimin për Programin për përkrahje financiare të zhvillimit rural për vitin 2018, i përgatitur nga Agjencia. Në të njëjtin u përfshinë masat përbërëse, konkretisht programet për të cilat mund të aplikojnë komunat, procedura e aplikimit dhe pagesa e mjeteve financiare.












## ПРЕДИЗВИЦИТЕ ОД ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ, ИЗНЕСЕНИ ПРЕД ПРЕТСТАВНИЦИ ОД МИОА

Мрежата на човечки ресурси при ЗЕЛС одржа средба во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот на трети април 2018 година, на која се дискутираше за предизвиците од примената на Законот за административни службеници. За таа цел, ЗЕЛС се обрати до Министерството за информатичко општество и администрација, кое ги обезбеди претставниците: Лаура Идризи и Медина Хоџа, кои мошне успешно одговорија на бројните прашања упатени од присутните лица од одделенијата за човечки ресурси, од општините. Дилемите се однесуваа на неусогласеноста на временскиот период на донесувањето на Планот за вработување и донесување на Општинскиот буџет, потоа за актите за систематизација на работните места, изработката на функционалната анализа, за интерните и јавните огласи, оценувањето на вработените и обврската за следење на обуки, за претставниците од ТППЕ и за други бројни прашања.

Присутните претставници од општините предлагаа Планот за вработување да се донесува по изгласувањето на Буџетот на општината, со цел првенствено да се добие јасна слика за финансиските можности за вработување или прераспределување на вработените од општината. Нов предизвик претставува и поврзувањето и усогласувањето на податоците на вработените со Управата за јавни приходи, каде беше посочено дека општината го пополнува образецот за HRMS (систем за човечки ресурси) и дилемите околу обврската за донесување на нов акт за систематизација на работните места, кога има измени од над 30% од вработените, а тука беше посочен и предизвикот околу потребата од изработка на функционална анализа во услови на промена на внатрешната организација. Беше потенцирана и неусогласеноста на законските обврски за рамномерна етничка застапеност при вработувањето и објавувањето на јавни огласи за вработување во кои, доколку се наведе етничка припадност, се третира како дискриминаторски елемент на другите ентитети,

## SFIDAT NGA ZBATIMI I LIGJIT TË NËPUNËSVE ADMINISTRATIVË U SHPREHËN PARA PËRFAQËSUESVE TË MSHIA

Rrjeti i resurseve njerëzore në kuadër të BNJVL-së mbajti takim në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, më tre prill, 2018 në të cilin diskutoi mbi sfidat e zbatimit të Ligjit për nëpunës administrativ. Për këtë qëllim BNJVL u drejtua në Ministrinë për shoqëri informatike dhe administratë, që siguruan përfaqësuesit: Laura Idrizi dhe Medina Hoxha, të cilat ishin tejet të suksesshme në përgjigjen e pyetjeve të parashtruara nga seksionet e resurseve njerëzore nga komunat. Dilemat kanë të bëjnë me joharmonizimin e periudhës kohore në miratimin e buxhetit komunal, pastaj për aktet për sistematizim të vendeve të punës, hartimi i funksionimit të analizës, për shpalljet interne dhe shpalljet publike, vlerësimi i të punësuarve dhe obligimi për ndjekjen e trajnimeve, për përfaqësuesit e NJTZF dhe shumë çështje tjera.

Përfaqësuesit e pranishëm nga komunat propozuan që Plani per punesim te miratohen pas votimit të Buxhetit te komunes me qëllim që të fitohet fotografi e qartë për mundësitë financiare për punësim ose ripunësim të të punësuarve nga komunat. Sfidë e re paraqet edhe ndërlidhja dhe harmonizimi i të dhënave të të punësuarve në Drejtorinë për të hyra publike, ku u përmend se komuna plotëson formularin HRSM (sistem i resurseve njerëzore) dhe dilemat rreth obligimit për miratim të aktit të ri për sistematizim të vendeve të punës, kur ka ndryshime prej rreth 30% nga të punësuarit, ndërsa këtu u përmend edhe sfida rreth nevojës nga hartimi i analizës funksionale në kushtet e ndryshimit të organizimit të brendshëm. U potencua edhe joharmonizimi i obligimeve ligjore për përfaqësim të barabartë etnik gjatë punësimit dhe shpalljes së konkurseve publike për punësim në të cilat nëse shënohet përfaqësimi etnik trajtohet si element diskriminues i entiteteve tjera, për shkak të asaj se ka raste kur





поради што има случаи кога не може да се исполни предвидениот План за вработување, што се донесува од страна на Советот на општината и се одобрува од МИОА. Стана збор и за случаи кога се објавуваат интерни огласи и предизвиците со процесот на оценување на вработените, односно 360 степени, што беше посочено дека, веројатно, ќе претрпи измени во наредниот период и ќе се обезбеди поефикасен и соодветен метод за оценувањето на администрацијата. Од МИОА посочија дека од месец јуни ќе започне формирањето на работни групи кои ќе изнаоѓаат најсоодветни решенија за подобрување на законските можности во работењето на административните службеници. Притоа, присутните побараа повеќе претставници од човечки ресурси од општините да бидат вклучени во работните групи, со цел да има поголема застапеност на решенија за предизвиците на локалните власти.

Како едно од погорливите прашања беа посочени дилемите за систематизирањето на работни места за пожарникари, при што беше акцентиран и проблемот кој го имаат повеќето општини со определување на нивните звања и бодови. Беше посочено дека треба да се направи усогласување со Законот за пожарникарство или, пак, со Законот за јавна администрација, при што со секое звање на пожарникарите да се утврдат и бодовите што ги носи тоа, а потоа државните институции да ја утврдат висината на бодот. Сега има шареноликост во исплаќањето на платите на пожарникарите во сите општини, кои, пак, покренуваат тужбени барања кон локалните власти. Стана збор и за тоа дали овие вработени треба да се наведат во самата систематизација на општината или се прави посебен план за нив, што ќе биде предмет на дополнителен одговор од МИОА. Присутните претставници од општините беа информирани и за планираните активности на кои работат од МИОА, а се поврзани со Законот за општа управна постапка, новините кои треба да бидат опфатени со Стратегијата за реформи во јавната администрација и други активности што ги засегаат и вработените во општинската администрација.

nuk mund të plotësohet Plani i parashikuar për punësim që miratohet nga Këshilli i komunës dhe aprovohet nga MSHIA. U fol edhe lidhur me rastet kur shpallen shpallje interne dhe sfidat me procesin vlerësimit të të punësuarve, respektivisht 360 shkallë që u përmend se sigurisht do të ketë ndryshime në periudhën e ardhshme dhe do të sigurojë metode më efikase dhe adekuate për vlerësimin e administratës. Nga MSHIA përmendën se në muajin qershor do të fillojë formimin e grupeve punuese të cilat do të gjejnë zgjidhje më adekuate për përmirësimin e mundësive ligjore në punësimin e nëpunësve administrativ. Pastaj të pranishmit kërkuan shumë përfaqësues nga resurset njerëzore nga komunat të jenë të kyçur në grupe punuese me qëllim të përfaqësimit më të madh të zgjidhjeve për sfidat e pushteteve lokale.

Si një ndër çështjet më të rëndësishme u përmendën dilemat e sistematizimit të vendeve të punës për zjarrfikësit, me ç'rast u theksua problemi të cilin e kanë shumë komuna me caktimin e titujve dhe pikëve. U përmend se duhet kryer harmonizim me Ligjin për zjarrfikës ose me Ligjin për administratë publike, me ç'rast në çdo titull të zjarrfikësve të përcaktohen pikët i që bart i njëjti, pastaj institucionet shtetërore të përcaktojnë lartësinë e pikëve. Tani ka llojllojshmëri në pagesën e rrogave të zjarrfikëse në të gjitha komunat e të cilët kanë ngritur kërkesa paditëse ndaj pushteteve lokale. U bë fjalë edhe për atë se këta të punësuar a duhet të shënohen në vetë sistematizimin e komunës ose bëhet plan i veçantë për to, që do të jetë lëndë e përgjigjes plotësuese nga MSHIA. Të pranishmit nga komunat u informuan edhe për aktivitetet e planifikuara nga MSHIA, ndërsa lidhur me Ligjin për procedurë të përgjithshme administrative, risitë që duhet të jenë të përfshira me Strategjinë për reforma në administratën publike dhe aktivitete tjera të cilat i tangojnë edhe të punësuarit në administratën komunale.

## СТУДЕНТИ ОД УАКС ВО ПОСЕТА НА ЗЕЛС

Студенти од Факултетот за правни науки и Факултетот за политички науки од Универзитетот „Американ колеџ", Скопје (УАКС) неколку години наназад доаѓаат во ЗЕЛС да се запознаат со начинот на работењето на единствената асоцијација на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија (ЗЕЛС), како и со процесот на децентрализација на власта во земјава. Околу дваесетина студенти од УАКС и оваа година ја продолжија традицијата и на 16 април 2018 година, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, го проследија излагањето на извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ. Студентите беа информирани дека на 26-ти април ЗЕЛС ќе го прослави својот 46-ти роденден. Беа изнесени стратегиските цели на ЗЕЛС, од кои најважна е: застапување и лобирање во името на

## STUDENTË NGA UAKS VIZITUAN BNJVL-NË

Studentë nga Fakulteti për shkenca juridike dhe Fakulteti për shkenca politike nga Universiteti „Kolegji Amerikan" – Shkup (UAKS), disa vite me radhë vizitojnë BNJVL-në me qëllim që të njihen me mënyrën e të punuarit të asociacionit unik të njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë (BNJVL), si edhe me procesin e decentralizimit të pushtetit në vend. Rreth njëzetë studentë nga UAKS këtë vit vazhduan traditën shumëvjeçare më 16 prill të vitit 2018, në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së. Ata ndoqën prezantimin e drejtoreshës ekzekutive të BNJVL-së, Dushica Perishiq, e cila i informoi se më 26 prill BNJVL feston 46 vjetorin. Në prezantimin në fjalë u potencuan qëllimet strategjike të BNJVL-së, mes cilave më i rëndësishëm është përfaqësimi dhe lobimi në emrin



BNJVL së bashku me Lidhjen e Odave ekonomike të Republikës së Maqedonisë (LOE) përfaqësojnë Trupin Kombëtar Koordinues të vendit tonë dhe janë pjesë e platformës BFC SEE. Dhjetë komuna nga Maqedonia, deri tani kanë kaluar Programin e certifikimit të komunave me mjedise të favorshme për biznes, kurse gjashtë prej tyre kanë fituar edhe certifikatë.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗЕЛС, ПЕТРЕ ШИЛЕГОВ, ИЗБРАН ЗА НОВ, ПРВ ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЛАС

Петре Шилегов, претседател на ЗЕЛС и градоначалник на град Скопје, беше избран за нов, прв потпретседател на Мрежата на асоцијации на локални власти на земјите од Југоисточна Европа (НАЛАС). Изборот беше направен на тринаесеттата седница на Собранието на оваа Мрежа, што се одржа на 18 април 2018 година, во Република Словенија. Имено, станува збор за ротирачки избор на претседателството на Мрежата на асоцијации, што се случува на првата седница на почетокот од секоја година. На оваа седница за втор потпретседател на НАЛАС беше избрана Татјана Бадан, градоначалник на општина Селемет од Молдавија, а Емануел Манолов, градоначалникот на општина Павликени од Бугарија беше избран за трет потпретседател на НАЛАС. Според

## KRYETARI I BNJVL-SË PETRE SHILEGOV U ZGJODH SI NËNKRYETAR I PARË I NALAS-IT

Rrjeti i asociacioneve të pushteteve lokale nga vendet e Evropës Juglindore (NALAS) zgjodhi nënkryetarin e parë Petre Shilegov, Kryetar i BNJVL-së dhe i Qytetit të Shkupit. Zgjedhja u bë në seancën e trembëdhjetë të Kuvendit të këtij Rrjeti, që u mbajt më 18 prill të vitit 2018, në Republikën e Sllovenisë. Kuptimisht bëhet fjalë për zgjedhje rotacionale të presidencës së Rrjetit të asociacioneve, që kryhet në seancën e parë në fillim të çdo viti. Në këtë seancë nënkryetar i dytë u zgjodh Tatjana Badan, kryetare e Komunës Selemet nga Moldavia, kurse nënkryetar i tretë Emanuel Manolov, kryetar i Komunës Pavlikeni nga Bullgaria. Sipas sistemit ekzistues rotacional për zgjedhje të kryetarit të NALAS-it, pozita e kryetarit të ri të këtij rrjeti, me mandat njëv-



постојниот ротирачки систем на избор за претседател на НАЛАС, позицијата на нов претседател на Мрежата, со едногодишен мандат, му беше пренесена на Дарко Фрас, градоначалник на општина Света Тројца, од Словенија. Следната година функцијата претседател на НАЛАС ќе ја добие претседателот на ЗЕЛС Петре Шилегов. На седницата, во Конгресен центар Брдо, како делегат од ЗЕЛС учествуваше и потпретседателот на ЗЕЛС и градоначалник на општина Чаир, Висар Ганиу. А делегат од ЗЕЛС во оваа Мрежа е и потпретседателот Митко Јанчев, градоначалник на општина Кавадарци. ЗЕЛС е членка на НАЛАС уште од самото нејзино официјално основање во 2005 година во Скопје, а активно учествуваше и во нејзиното креирање, што започна од 2001 година.

На тринаесеттата седница на НАЛАС учествуваа околу 70 претставници од локалните самоуправи и асоцијациите на локалните самоуправи од цела Југоисточна Европа. Беа разгледани актуелните политички теми за улогата на НАЛАС во контекст на Стратегијата за проширување на ЕУ. Исто така, се дискутираше и за улогата на локалните самоуправи во справувањето со бегалската криза и со бегалците во регионот, а беа направени и измени во Статутот во насока на нагласување на активностите на оваа асоцијација за постигнување родова еднаквост. На Собранието учествуваа и претставници од Комитетот на регионите на Европската Унија, кои посочија дека Европската Комисија и Комитетот на регионите бара баланс помеѓу централните, регионалните и локалните власти кога станува збор за поддршка во процесот на проширување на Унијата и сака да види успешно справување со предизвиците од минатото и од сегашноста .

Во рамките на Генералното собрание на НАЛАС се одржа и Регионална конференција на која во фокусот беа утврдените цели за одржливиот развој и за социјалната инклузија низ призмата на Агендата 2030, што е усвоена на 25 септември 2015 година на специјалниот самит на ОН.

Мрежата на асоцијации на локалните власти на земјите од Југоисточна Европа ја сочинуваат 14 асоцијации, што претставуваат околу 9000 локални самоуправи, директно избрани од над 80 милиони граѓани во Југоисточна Европа. НАЛАС го промовира процесот на децентрализација, придонесува во процесот за помирување и стабилизација во регионот и, во тој контекст, придонесува за процесот за европска интеграција на целиот регион.

jeçar, iu transferua kryetarit të Komunës Sveta Trojca nga Sllovenia, Darko Fras. Vitin e ardhshëm funksionin e kryetarit të NALAS-it do t'a ushtrojë kryetari i BNJVL-së Petre Shilegov. Në seancën që u mbajt në Qendrën e kongreseve Brdo, në përbërje të delegatit të BNJVL-së morri pjesë nënkryetari i BNJVL-së dhe kryetar i Komunës së Çairit Visar Ganiu. Delegat i BNJVL-së në këtë Rrjet është edhe nënkryetari tjetër Mitko Jancev, kryetar i Komunës së Kavadarit. BNJVL është anëtare e NALAS-it dhe që nga themelimi i saj zyrtar në vitin 2005, në Shkup, në mënyrë aktive morri pjesë edhe në krijimin e sa, që filloi në vitin 2001.

Në seancën e trembëdhjetë të NALAS-it morrën pjesë rreth 70 përfaqësues të pushteteve lokale dhe asociacioneve të pushteteve lokale nga mbarë Evropa Juglindore. Në të njëjtën u shqyrtuan temat aktuale politike për rolin e NALAS-it në kontekst të Strategjisë për zgjerim të BE-së. Gjithashtu u diskutua edhe për rolin e vetëqeverisjeve lokale në ballafaqimin me krizën e emigrantëve dhe emigrantët në rajon. Po ashtu u kryen disa ndryshime të Statutit të rrjetit në drejtim të theksimit të aktiviteteve të asociacionit për arritjen e barazisë gjinore. Plani i ri strategjik i NALAS-it u përkrah nga Zvicra, një vend që vazhdimisht përkrah pushtetet lokale të Republikës së Maqedonisë, por edhe të rajonit. Në këtë kuvend morrën pjesë edhe përfaqësues të Komitetit të rajoneve të Bashkimit Evropian që theksuan se Komisioni Evropian dhe Komiteti i Rajoneve kërkon balancë midis pushteteve qendrore, rajonale dhe ato lokale kur bëhet fjalë për përkrahje të procesit të zgjerimit të Unionit dhe dëshiron të shohë ballafaqim të suksesshëm të sfidave nga e kaluara dhe e tashmja.

Në kuadrin e Kuvendit gjeneral të NALAS-it u mbajt edhe Konferenca rajonale, në fokusin e së cilës u përcaktuan qëllimet për zhvillimin e qëndrueshëm dhe përfshirjen sociale në prizmin e Agjendës 2030, e miratuar më 25 shtator të vitit 2015 në Samitin special të KB-së.

Rrjeti i asociacioneve të pushteteve lokale nga vendet e Evropës Juglindore përbëhet nga 14 asociacione, që paraqesin rreth 9000 vetëqeverisje lokale, drejtpërdrejtë të zgjedhur nga mbi 80 milionë qytetarë të Evropës Juglindore. NALAS promovon procesin e decentralizimit, kontribuon në procesin e pajtimit dhe stabilizimit në rajon dhe duke ndjekur këtë kontekst kontribuon në procesin e integrimit evropian të tërë rajonit.

## НА МЕЃУНАРОДНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА „ВОДИ И ОТПАД-РЕАЛНОСТ И ПРЕДИЗВИЦИ“, ПОТПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗЕЛС ВИСАР ГАНИУ ГОВОРЕШЕ ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

-„Чест ми е што во името на ЗЕЛС, односно во името на сите општини, можам да ги изнесам состојбите со снабдувањето со вода и услугите за повторна употреба на отпадните води, како и со предизвиците со управувањето со отпадот на локално ниво“. Ова го истакна потпретседателот на ЗЕЛС Висар Ганиу, кој беше поканет да се обрати на 10–та меѓународна конференција „Води и отпад - реалност и предизвици“, што се одржа во Охрид на 24 и 25 април, во организација на Здружението на даватели на комунални услуги на Република Македонија (АДКОМ), заедно со ЈП Водовод и канализација, Скопје и ЈП Комунална хигиена, Скопје. На конференцијата учествуваа претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, домашни и меѓународни експерти за делот на секторот води и секторот отпад, претставници од комуналните претпријатија и од Регулаторната комисија за енергетика.

-„Нашите граѓани сѐ уште не добиваат еднакви квалитетни услуги за вода за пиење во целата земја. Освен водата за пиење, локалната власт се соочува и со потребите за квалитетни услуги

## NËNKRYETARI I BNJVL-SË, VISAR GANIU FOLI PËR SFIDAT E PUSHTETIT LOKAL NË KONFERENCËN NDËRKOMBËTARE „UJËRA DHE MBETURINA – REALITETI DHE SFIDAT“

-„Kam nderin që në emrin e BNJVL-së, konkretisht në emrin e të gjitha komunave të shpreh gjendjet me furnizimin e ujit dhe shërbimet për ripërdorim të ujërave të zeza, duke i shtuar këtu edhe sfidat me menaxhimin e mbeturinave në nivel lokal“. Këtë theksoi nënkryetari i BNJVL-së, Visar Ganiu, i ftuar që të drejtohet në konferencën e 10-të ndërkombëtare „Ujëra dhe mbeturina – realiteti dhe sfidat“, e cila u mbajt në Ohër më 24 dhe 25 prill, nën organizim të Asociacionit të ofruesve të shërbimeve komunale të Republikës së Maqedonisë (ADKOM) së bashku me NP Ujësjellje dhe kanalizim Shkup edhe NP Higjiena publike Shkup. Në këtë konferencë morrën pjesë përfaqësues të Ministrisë për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor, ekspertë vendorë dhe ndërkombëtarë për pjesën e sektorit për ujëra dhe sektori për mbeturina, përfaqësues të ndërmarrjeve komunale dhe të Komisionit rregullues për energjetikë.

-„Qytetarët tanë akoma nuk fitojnë shërbime cilësore dhe të barabarta me ujë pirës në të gjithë vendin. Përveç ujit pirës pushteti lokal ka nevojë edhe për shërbime më cilësore për ujin industrial,




со индустриската вода, водата за наводнување, каде, исто така, се прават напори за подобрување и во овој дел на услуги за населението рече Ганиу", нагласувајќи дека предизвикот во овој домен е многу сериозен. Тој посочи дека општинските буџети се релативно мали, особено што цената за изградбата на ваквата инфраструктура и за еден километар е многу висока, но рече дека сепак, генерално, состојбата е подобрена во речиси сите рурални, па и урбани средини, по стартувањето на процесот на децентрализацијата. - „Сега - рече Ганиу, -по најавите на централната власт за поддршка на општините за капитални и инфраструктирни зафати, во општините забрзано се подготвуваат детални урбанистички планови и инфраструктурни проекти за оваа намена."

Потпретседателот на ЗЕЛС, Висар Ганиу, во своето обраќање се задржа и на актуелното прашање на зголемувањето на цената на услугата за вода во некои општини. –„Точно е дека за висината на цената одлучува Советот на општината, односно Советот на град Скопје, но знаете дека тоа се прави врз основа на новиот Закон за утврдување на цени на водните услуги и измените во Законот за енергетика. Регулаторната комисија за енергетика ни нуди одредени тарифи, од кои Советот потоа избира за која цена ќе се определи. Се трудиме да се формираат цени кои ќе ги одразуваат оправданите трошоци на работењето на јавните комунални претпријатија, со цел да се овозможи квалитетно и одржливо користење на водната инфраструктура, но, истовремено, особено е важно да се има предвид водните услуги да бидат финансиски достапни до населението, односно се стремиме да обезбедиме поквалитетни услуги за сите, со прифатливи цени за сите", рече Ганиу.

Тој потоа кратко се задржа и на делот на депонирањето на отпадот, истакнувајќи дека и тука состојбата е лоша, дека има многу диви депонии, секојдневно се пали сметот и се загадува животната средина, ретко се селектира отпадот, а свеста на населението за фрлање и за селектирање на ѓубрето е многу ниска. –„Воминатиот период се покажа дека локалните власти се соочуваа со низа организациски и техники предизвици во спроведувањето на оваа надлежност. Затоа, дефинитивно, пред повеќе од еден месец имавме средба со Министерот за животна средина и просторно планирање и со Премиерот на Република Македонија, на која беше договорено времено преземање на обврските од општините во делот на депонирањето на отпадот, за воспоставување на интегрирано регионално управување со отпадот во Република Македонија. Посочени беа и локациите за депонии, начините како тоа ќе се реализира, кој регион до каде е стигнат во оваа насока. Во општините во тек се активностите на општинските совети за потпишување на договорите за временото префрлање на надлежноста, која по реализацијата повторно ќе си ја преземеме на локално ниво", објасни Ганиу. На крајот од своето обраќање тој изрази оптимизам за успешно решавање на овие горливи прашања за нашите граѓани во што е можно побрз временски период.

ujin për vaditje, ku po ashtu bëhen mundime për përmirësim të kësaj pjese të shërbimeve për qytetarët" tha Ganiu, njëkohësisht duke shtuar se sfida në këtë pjesë është tepër serioze. Ai theksoi se buxhetet e komunave janë relativisht të vogla, posaçërisht që çmimi për ndërtimin e një infrastrukture të këtillë edhe për një kilometër është tepër i lartë, por gjithsesi në përgjithësi situata është përmirësuar në pothuajse të gjitha zonat rurale dhe urbane, pas fillimit të procesit të decentralizimit. -„Tani, pas deklaratave të pushtetit qendror për përkrahjen e komunave dedikuar lidhjeve infrastrukturore dhe kapitale, në komunat punohen intensivisht planet e detajuara urbanistike si edhe projekte infrastrukturore për këtë dedikim" potencoi nënkryetari.

Nënkryetari i BNJVL-së, Visar Ganiu në fjalimin e tij diskutoi edhe për çështjen aktuale dedikuar zmadhimit të çmimit të shërbimeve për ujë në disa komuna. –„Është e saktë se për vlerën e çmimit vendos këshilli i komunës, ose këshilli i Qytetit të Shkupit, por ju e dini se kjo kryhet në bazë të Ligjit të ri për përcaktim të çmimeve të shërbimeve të ujit, si edhe ndryshimet e Ligjit për energjetikë. Komisioni rregullues për energjetikë na ofron tarifa të caktuara dhe këshilli më pas vendos se cili do të jetë çmimi përfundimtar. Ne mundohemi që të formohen çmime që arsyetojnë shpenzimet e punës së ndërmarrjeve komunale publike, me qëllim që të mundësohet shfrytëzimi cilësor dhe efikas të infrastrukturës së ujit, por njëkohësisht tepër e rëndësishme është që të kemi parasysh që shërbimet e ujit të jenë financiarisht të disponueshme për popullsinë, konkretisht ne përpiqemi të sigurojmë shërbime më cilësore për të gjithë, me çmime të arritshme për të gjithë" shpjegoi nënkryetari.

Ai shkurtimisht foli edhe për pjesën e deponimit të mbeturinave, duke theksuar situatën e rëndë në këtë drejtim, sepse ka shumë depo ilegale, çdo ditë ndizen mbeturina dhe kështu ndotet mjedisi jetësor, shumë rrallë seleksionohen të njëjtat, kurse vetëdija e qytetarëve për hedhje dhe seleksionim të mbeturinave është në nivel tepër të ulët. –„Në periudhën e kaluar është treguar se pushtetet lokale ballafaqohen me një sërë sfida teknike dhe organizuese në zbatimin e kësaj kompetence. Për këtë shkak, para më shumë se një muaji, patëm takim me Ministrin për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor edhe Kryeministrin e Republikës së Maqedonisë, ku u përcaktua ndërmerrja e kompetencave të komunave lidhur me deponimin e mbeturinave, për shkak të aplikimit të sistemit për menaxhim rajonal të integruar të mbeturinave në Republikën e Maqedonisë. Gjithashtu u potencuan edhe vendndodhjet e depove, mënyrat e themelimit të tyre, si edhe duke ndjekur këtë drejtim ku ka arritur secili rajon. Në komunat tani po zhvillohen aktivitetet e këshillave komunale për firmosjen e kontratës për transferim të kompetencës për një kohë të caktuar, e cila pas realizimit përsëri do të kthehet në nivel lokal" shpjegoi nënkryetari.

Në fund të fjalimit ai shprehu optimizëm për zgjidhje të suksesshme të këtyre çështjeve të rënda për qytetarët tanë në një periudhë kohore sa më të shpejtë të mundshme.




## НА РЕГИОНАЛНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ПОВОЛНО БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА, НАГРАДАТА „СТРЕЛА“ ВРАЧЕНА НА ИЗВРШНАТА ДИРЕКТОРКА НА ЗЕЛС

Градоначалниците на општините: Гази Баба, Богданци и Илинден и претставници од град Скопје и од ЗЕЛС учествуваа на регионалната конференција за промоција на поволно бизнис опкружување во Југоисточна Европа „Партнерство за конкурентен регион“ што се одржа во Белград (Република Србија) на 24 април 2018 година. На овој настан присуствуваа и високи владини претставници на земјата домаќин, како и претставници од земјите од Југоисточна Европа, од Европската Унија и од меѓународни финансиски институции, а присуствуваше и министерот за локална самоуправа на Република Македонија Сухејл Фазлиу.

Извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, на оваа конференција ја доби наградата „Стрела“ за нејзиниот долгогодишен придонес во развивањето на регионалната платформа за бизнис пријателско опкружување на земјите од Југоисточна Европа и за пренесувањето на добрите практики од Македонија во земјите од регионот.

Конференцијата ја организираше БФЦ ЈИЕ Регионалниот технички секретаријат (НАЛЕД), со поддршка на Германска агенција за соработка и развој и Европската инвестициска банка. Пред присутните беше посочено дека земјите од Југоисточна Европа можат да понудат добри систематски решенија за унапредување на условите за работење и потребна им е заедничка платформа, која ќе претставува успешен пример на пренесување на добри искуства. Претседателката на Владата на Република Србија Ана Брнабиќ ја поддржа иницијативата за создавање на нова регионална Платформа за поволно деловно опкружување (Business Friendly Environment SEE) и ги повика своите колеги од регионот,

## NË KONFERENCËN RAJONALE NË BEOGRAD DEDIKUAR PROMOVIMIT TË MJEDISEVE ME KUSHTE TË FAVORSHME PËR BIZNES NË EVROPËN JUGLINDORE DREJTORESHA EKZEKUTIVE E BNJVL-SË FITOI ÇMIMIN „STRELA“

Kryetari i komunës së Gazi Babës, Bogdancit dhe Ilindenit, së bashku me përfaqësues të Qytetit të Shkupit dhe BNJVL-së morrën pjesë në konferencën rajonale për promovimin e mjediseve me kushte të favorshme për biznes në Evropën Juglindore ,,Partneritet për një rajon më konkurrues“ që u mbajt në Beograd, (Republika e Serbisë) më 24 prill të vitit 2018. Në këtë ngjarje morrën pjesë përfaqësues të lartë qeveritar nga vendi nikoqir, si edhe përfaqësues të vendeve nga Evropa Juglindore, nga Bashkimi Evropian edhe nga institucione ndërkombëtare financiare. Në këtë konferencë morri pjesë edhe Ministri për vetëqeverisje lokale, Suhejl Fazliu.

Drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq, në këtë konferencë fitoi çmimin „Strela“, kushtuar kontributit të saj shumëvjeçar në zhvillimin e platformës rajonale për mjedise me kushte të favorshme për biznes nga vendet e Evropës Juglindore dhe transferimi i praktikave të mira nga Maqedonia për vendet e rajonit.

Konferenca u organizua nga BFC SEE Sekretariati rajonal teknik (NALED), me përkrahje nga Agjencia gjermane për bashkëpunim dhe zhvillim, si edhe Banka investuese Evropiane. Para të pranishmëve u theksua se vendet e Evropës Juglindore mund të ofrojnë zgjidhje të mira sistematike për përmirësimin e kushteve të punës dhe prandaj kanë nevojë për një platformë të përbashkët, që do të paraqesë një shembull të suksesshëm për shkëmbimin e përvojave pozitive. Kryeministrja e Qeverisë së Republikës së Serbisë, Ana Brnabiç përkrahu iniciativën për krijim të një Platforme të re rajonale për mjedise me kushte të favorshme për biznes (Business Friendly Environment SEE) dhe njëkohësisht u bëri thirrje kolegëve të saj nga rajoni, si edhe organizatat ndërkombëtare donatore të ndihmojnë në realizimin e të njëjtës.





како и меѓународните донаторски организации, да помогнат во нејзината реализација.

Како добар пример на пренесувањето на искуствата меѓу земјите од регионот беше посочена Република Македонија. Искуствата од имплементирањето на електронскиот систем „www.gradezna-dozvola.mk", нашата земја им ги пренесе на Србија и на Албанија, каде ЗЕЛС имаше значајна улога, а се разговара и за пренесување на искуствата од реформите во катастарот и во јавните набавки.

Но и нашата земја има придобивка од ваквата платформа со прифаќањето и со спроведувањето на Програмата „Сертификација на општините со поволно деловно опкружување од Југоисточна Европа (БФЦ ЈИЕ)". „ Business Friendly Certification South East Europe (BFC SEE) претставува единствена програма за подобрување на квалитетот на услугите и информациите кои општините од регионот на Југоисточна Европа им го нудат на компаниите, во рамките на која сертификати се доделуваат на општини од Македонија, Хрватска, Србија, Црна Гора и од Босна и Херцеговина.

**Општина Илинден официјално го прими БФЦ ЈИЕ сертификатот**

На регионалната конференција за промоција на поволно бизнис опкружување во Југоисточна Европа во Белград, министрите на државите од регионот свечено им врачија БФЦ ЈИЕ сертификати („Business Friendly Certification South East Europe (BFC SEE) на седумнаесет општини . Во претходната година во Босна и Херцеговина 11 општини минале низ процесот на сертификација и успешно ги исполниле утврдените стандарди за креирање на поволна бизнис клима во рамките на општината. Од Србија сертификат добија четири општини, од Хрватска една, а од Македонија сертификат доби општина Илинден. На градоначалникот Жика Стојановски сертификатот му го врачи министерот за локална самоуправа на Република Македонија Сухејл Фазлиу. Во рамките на оваа Програма, во изминатите пет години во нашата земја со овој сертификат се стекнаа и општините: Струмица, Велес, Штип, Богданци, Гази Баба и град Скопје .

-„Општина Илинден, благодарејќи на создавањето на услови за привлекување на нови и поддршка на постојните инвеститори, придонесе за влез на 180 компании, од кои 33 се странски директни инвестиции во деветте локални економски зони, го доби ова признание за исполнување на стандарди, односно нудење на сигурност на потенцијалните инвеститори во добивањето услуги и информации за работите и дејностите во надлежност на локалните власти", посочи градоначалникот Стојановски, изразувајќи задоволство од постигнатото на неговата администрација за стекнувањето со овој значаен регионален сертификат. Исто така, градоначалникот Стојановски се заблагодари и на поддршката што ја доби од ЗЕЛС, како дел од Националното тело на БФЦ СЕЕ на Република Македонија, што го претставува заедно со Сојузот на стопански комори.




Republika e Maqedonisë u theksua ndër shembujt më pozitivë nga vendet e rajonit për transferimin e përvojave të saj. Konkretisht përvojat me implementimin e sistemit elektronik „e-leje për ndërtim", vendi ynë ua transferoi Serbisë dhe Shqipërisë. Këtu BNJVL ka pasur një rol shumë domethënës. Momentalisht po vazhdojnë bashkëbisedimet për transferimin e përvojave nga reformat e kadastrës dhe furnizimet publike.

Duhet potencuar se dhe vendi ynë ka përfitim nga një platformë e këtillë, me pranimin dhe zbatimin e programit „Certifikimi i komunave me mjedis të favorshëm për biznes në Evropën Juglindore (BFC SEE)". „Business Friendly Certification South East Europe (BFC SEE)" paraqet një program unik për përmirësimin e cilësisë së shërbimeve dhe informacioneve që komunat të rajonit të Evropës Juglindore ua ofrojnë kompanive, në kuadër të së cilës ndahen certifikata për komunat e Maqedonisë, Kroacisë, Malit të Zi edhe Bosnjës dhe Hercegovinës.

**Komuna e Ilindenit zyrtarisht fitoi Certifikatën BFC SEE**

Në konferencën rajonale për promovimin e mjediseve me kushte të favorshme për biznes në Evropën Juglindore, në Beogradministrat e shteteve nga rajoni në mënyrë solemne ia ndanë BFC SEE certifikatat shtatëmbëdhjetë komunave. Në Bosnjë dhe Hercegovinë, 11 komuna në vitin paraprak kanë kaluar procesin e certifikimit dhe i kanë plotësuar me sukses standardet përkatëse për krijimin e klimës së përshtatshme për biznes në kuadrin e komunës. Certifikatë të këtillë fituan katër komuna nga Serbia, një nga Kroacia, kurse nga Maqedonia komuna e Ilindenit. Ministri për vetëqeverisje lokale, Suhejl Fazliu ia dorëzoi certifikatën kryetarit të komunës së Ilindenit, Zhika Stojanovski. Në kuadrin e programit, në pesë vitet e kaluara në vendin tonë certifikatë kanë fituar komunat: Strumicë, Veles, Shtip, Bogdancë, Gazi Babë dhe Qyteti i Shkupit.

-„Komuna e Ilindenit, falë krijimit të kushteve për tërheqje të investitorëve të rinj si edhe përkrahja e investitorëve të përhershëm ka kontribuar në hyrjen e 180 kompanive nga të cilët 33 janë investime të huaja direkte në nëntë zona lokale ekonomike, fitoi këtë mirënjohje për plotësimin e standardeve, konkretisht ofrimin e sigurisë për investitorët potencialë në fitimin e shërbimeve dhe informacioneve lidhur me punën dhe aktivitetet nën kompetencë të pushteteve lokale" theksoi kryetari Stojanovski. Ai shprehu kënaqësi për arritjet e administratës së tij në fitimin e kësaj certifikate të rëndësishme rajonale. Gjithashtu ai shprehu falënderimet e tij për përkrahjen e fituar nga BNJVL, si pjesë e Trupit kombëtar të BFC SEE për Republikën e Maqedonisë, që përfaqësohet së bashku me Lidhjen e Odave ekonomike.



## ВО БРИСЕЛ, НА 3 И 4 МАЈ- СРЕДБА НА ДЕЛЕГАТИТЕ ОД ЗЕЛС ВО ЗКК И ОДРЖУВАЊЕ НА ПЛЕНАРНА СЕДНИЦА „ДЕН НА ПРОШИРУВАЊЕ“

Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија (ЗКК) организира средба во Брисел (Белгија) која ќе се одржи на 3 мај, 2018 година. Делегати во ова тело, од нашата земја се 11 претставници од ЗЕЛС, избрани на третата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, одржан на 26 декември, минатата година. На средбата ќе учествува и делегација од Министерството за локална самоуправа предводена од министерот, Сухејл Фазлиу.

На заедничката средба на дваесет и двајцата делегати на ова тело, (11 делегати од нашата земја и исто толку делегати од градови и региони од Европската унија), ќе се дискутира на редовната тема, за улогата и придонесот на локалната власт за членство на земјата во Унијата и преземените активности во таа насока. Ко-претседавачот на ЗКК од страна на Комитетот на региони, Јасна Габриќ, градоначалник на општина Трбовље (Словенија) ќе го изнесе неодамнешното мислење на Комитетот за региони околу Стратегијата за пристапување на Западен Балкан, а ќе стане збор и за последниот позитивен Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија и препораката за членство во Унијата. На седницата ќе се обрати ко-претседавачот од наша страна, градоначалникот на Општина Штип, Благој Бочварски, кој ќе ги изнесе состојбите во локалната власт - „предизвици и успеси" а потоа присутните ќе дискутираат на втората тема ,која беше побарана од делегатите од Македонија - „ Управување со отпад" . Целта е да се осознаат искуствата на европските градови и региони во начинот на справувањето и управувањето со отпадот, засилени активности што се подготвуваат во нашата земја. На делегатите ќе им се обратат и градоначалник на Крива Паланка, Борјанчо Мицевски како и градоначалник на Општина Струга, Рамиз Мерко.

Во истиот период, паралелни сесии ќе имаат и заедничките консултативни комитети помеѓу Комитетот на регионите на Европската Унија со Црна Гора, со Србија, со Турција, каде ќе се дискутира на различни теми, меѓу кои: за корупција на локално ниво; заштита на културното наследство; твининг програма на градови, а ќе биде организирана и сесија за дигитална трансформација на земјите од Западен Балкан.

Следниот ден на 4 мај, 2018 година, сите заедно ќе одржат пленарна седница со наслов „ Денот на проширување" на која пред присутните ќе се обрати и Карл-Хејнз Ламберц (BE/PES), Претседател на Европскиот Комитет на региони; Горан Свилановиќ, генерален секретар на регионален совет за соработка (RCC) а клучен говорник ќе биде и Јоханес Хан, еврокомесарот за проширување, од Европската комисија. За актуелна состојба и за иднината на процесот на проширување ќе говорат претставници на значајни тела и органи, како и експерти од Унијата.

Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија (ЗКК) воспоставен е уште во 2008 година со цел да ја подготвува основата за проширување на ЕУ преку унапредување на политичкиот дијалог и соработка и меѓу локалните и регионалните власти.

## TAKIM TË DELEGATËVE TË BNJVL-SË NË KPK DHE MBAJTJA E SEANCËS PLENARE „DITA E ZGJERIMIT“, MË 3 DHE 4 MAJ NË BRUKSEL

Komiteti i përbashkët konsultativ midis Republikës së Maqedonisë dhe Komitetit të rajoneve të Bashkimit Evropian (KPK) organizon takim në Bruksel (Belgjikë) më 3 maj të vitit 2018. Delegatë në këtë trup nga vendi ynë janë gjithsej 11 përfaqësues të BNJVL-së, të cilët u zgjodhën në seancën e tretë të Bordit drejtues të BNJVL-së, i mbajtur më 26 dhjetor të vitit të kaluar. Në takimin në fjalë do të marrë pjesë edhe një delegacion nga Ministria për vetëqeverisje lokale, i udhëhequr nga ministri Suhejl Fazliu.

Në takimin e përbashkët të njëzet e dy delegatëve të këtij trupi (11 delegatë nga vendi ynë dhe po aq delegatë nga qytetet dhe rajonet e Bashkimit Evropian) do të diskutohet mbi temën e rregullt që i dedikohet rolit dhe kontributit të pushtetit lokal për anëtarësim të vendit në BE, si edhe aktivitetet e ndërmarra në këtë drejtim. Bashkë kryesuesi i KPK-së nga ana e Komitetit të rajoneve, Jasna Gabriq, kryetare e komunës së Tërbovljes (Slloveni) do të shprehë mendimin ekzistues të Komitetit të rajoneve dedikuar Strategjisë për anëtarësim të Ballkanit Perëndimor. Gjithashtu do të diskutojë edhe mbi Raportin pozitiv të fundit nga Komisioni Evropian për progresin e Republikës së Maqedonisë dhe rekomandimi për anëtarësim në BE. Në seancë do të drejtohet edhe bashkë kryesuesi nga ana jonë, kryetari i komunës së Shtipit, Bllagoj Bocvarski, i cili do të shprehë situatat e pushtetit lokal – „sfida dhe suksese" dhe siç do vijojë të pranishmit do të diskutojnë për temën e dytë, e cila u kërkua nga delegatët e Maqedonisë, konkretisht „Menaxhimi me mbeturinat". Qëllimi kryesor është njohja e përvojave të qyteteve dhe rajoneve evropiane lidhur me mënyrën e menaxhimit të mbeturinave për të cilat po përgatiten aktivitete të intensifikuara në vendin tonë. Delegatëve do t'u drejtohet kryetari i Kriva Pallankës, Borjanço Mitevski edhe kryetari i Strugës, Ramiz Merko.

Në të njëjtën periudhë do të mbahen edhe seanca paralele të komiteteve të përbashkëta konsultative midis Komitetit të rajoneve të Bashkimit Evropian me Malin e Zi, Serbinë dhe Turqinë. Në këtë seancë do të diskutohet për tema të ndryshme mes cilave: korrupsioni në nivel lokal; mbrojtja e trashëgimisë kulturore dhe programi për vëllazërim të qyteteve. Po ashtu do të organizohet edhe një seancë për transformim digjital të vendeve të Ballkanit Perëndimor.

Ditën e ardhshme më 4 maj të vitit 2018, të gjithë së bashku do të mbajnë seancë plenare me titull „Dita e zgjerimit". Në këtë seancë do të mbajnë fjalim Carl-Heinz Lambertz (BE/PES), Kryetar i Komitetit Evropian të rajoneve; Goran Slivanoviq, sekretar i përgjithshëm i Këshillit rajonal për bashkëpunim (RCC), kurse moderatori kryesor nga Komisioni Evropian do të jetë Johannes Hahn, komisionari i BE-së për zgjerim. Përfaqësues të trupave dhe organeve të rëndësishme, si edhe ekspertë nga BE do të diskutojnë mbi situatën aktuale edhe të ardhmen e procesit të zgjerimit.

Komiteti i përbashkët konsultativ midis Republikës së Maqedonisë dhe Komitetit të rajoneve të Bashkimit Evropian (KPK) u themelua në vitin 2008 me qëllim që të përgatitet baza për zgjerim të BE-së nëpërmjet avancimit të dialogut dhe bashkëpunimit politik midis pushteteve lokale dhe rajonale.

European Committee of the Regions

ZELS



## ОСНОВАНА АСОЦИЈАЦИЈА НА ГРАДОВИ ОД МАКЕДОНИЈА И ОД БУГАРИЈА –ИНИЦИЈАТОРИ БЕА ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ НА КУМАНОВО И НА ЌУСТЕНДИЛ

На 19 април 2018 година во Куманово беше основана Асоцијација на градови од Република Македонија и од Република Бугарија, која уште на самиот почеток доби поддршка од околу триесетина градоначалници од двете земји. Иницијативата за формирање на вакво тело произлезе од градоначалникот на општина Куманово Максим Димитриевски и од градоначалникот на Општина Ќустендил Петар Паунов. Целта на работењето на оваа Асоцијација е полесно воспоставување, како и забрзување на меѓуграничната соработка на локалните власти од двете држави. Преку оваа Асоцијација, градоначалниците и општинската администрација од двете страни ќе работат на забрзување на одрживиот економски развој во прекуграничниот регион, на унапредување на социјалната интеракција, како и на развивање и унапредување на квалитетот на животот во овие градови.

На првата работна средба на Асоцијацијата на градови од Македонија и од Бугарија присутните градоначалници ги искажаа своите очекувања и размислувања како би требало да се одвива оваа соработка, во која насока таа да се движи и како градовите да се насочат кон нови перспективи. Домаќинот на средбата, градоначалникот на Општина Куманово Максим Димитриевски, посочи дека локалните власти многу дискутираат за можностите за искористување на средствата за прекугранична соработка, но во пракса реализацијата е под очекувањата. Затоа, се смета дека на овој начин полесно ќе се премостуваат предизвиците со кои се соочуваат локалните власти и ќе се зголеми динамиката на заедничките апликации, односно нивната реализација ќе се подигне на едно повисоко ниво. Ова е особено важно од аспект што градовите имаат сериозен потенцијал, конструктивни идеи, желба и верба за заедничка соработка не само на ова поле, туку и на развивање на други видови на ефикасни мерки за постигнување на поголем економски развој и социјална кохезија. Асоцијацијата ќе претставува само ефикасен инструмент за постигнување на основната цел на секоја локална власт, а тоа е обезбедување на поквалитетни услуги и услови за живот на своите граѓани.

## U FORMUA ASOCIACIONI I QYTETEVE NGA MAQEDONIA DHE BULLGARIA – INICIUES KRYETARËT E KUMANOVËS DHE QUSTENDILIT

Më 19 prill të vitit 2018, në qytetin e Kumanovës u formua Asociacioni i qyteteve nga Republika e Maqedonisë dhe Republika e Bullgarisë, i cili nga vetë fillimi fitoi përkrahje nga rreth tridhjetë kryetarë të të dy shteteve. Iniciativa për formimin e një trupi të këtillë u shpreh nga kryetari i Komunës së Kumanovës, Maksim Dimitrievski dhe kryetari i Komunës së Qustendilit, Petar Paunov. Qëllimi i performancës së këtij asociacioni është zhvillimi më i lehtë dhe përshpejtimi i bashkëpunimit ndërkufitar të pushteteve lokale të këtyre dy shteteve. Nëpërmjet këtij asociacioni kryetarët dhe administrata komunale nga të dyja anët do të punojnë për përshpejtim të zhvillimit ekonomik të qëndrueshëm në rajonin ndërkufitar, po ashtu edhe për avancimin e ndërveprimit social edhe zhvillimi dhe avancimi i cilësisë së jetës në këto qytete.

Në takimin e parë punues të Asociacionit të qyteteve nga Maqedonia dhe Bullgaria, kryetarët të pranishëm i shprehën pritjet dhe mendimet e tyre se si duhet të zhvillohet ky bashkëpunim, në cilin drejtim duhet të ecë dhe në cilën mënyrë qytetet të drejtohen drejt perspektivave të reja. Nikoqiri i takimit, kryetari i Komunës së Kumanovës, Maksim Dimitrievski theksoi se edhe pse pushtetet lokale diskutojnë shumë mbi mundësitë për shfrytëzim të mjeteve për bashkëpunim ndërkufitar prapë së prapë në praktikë realizimi i tyre është nën nivelin e pritur. Prandaj konsiderohet që në këtë mënyrë sfidat e pushteteve lokale të tejkalohen më lehtë dhe njëkohësisht do të zmadhohet dinamika e aplikimeve të përbashkëta, konkretisht realizimi i tyre do të ngrihet në një nivel më të lartë. Kjo është tepër e rëndësishme duke konsideruar aspektin që qytetet posedojnë potencial serioz, ide konstruktive, dëshirë dhe besim për bashkëpunim të ndërsjellë, jo vetëm në këtë fushë, por edhe për zhvillimin e llojeve të tjera të masave efikase për arritjen e zhvillimit më të madh ekonomik edhe kohezionit social. Ky asociacion do të paraqesë vetëm një instrument efikas për arritjen e qëllimit kryesor të çdo pushteti lokal, konkretisht sigurimi i shërbimeve më cilësore dhe kushteve më të mira për jetesë për qytetarët e tyre.

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

---

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES
LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ:**
тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**
tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. ,,Kopenhagenska” nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk